Јавно Претпријатие за јавни паркиралишта
***ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ***

# *П Р А В И Л Н И К*
## за јавни набавки од мала вредност

Скопје, Јануари 2007 година

Врз основа на член 11 и член 72 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на Р.М. бр. 19/04) а согласно член 29 од Статутот на ЈП Градски Паркинг-Скопје, Управниот Одбор на седумнаесетата седница одржана на ден 19. 01. 2007 година донесе:

# *П Р А В И Л Н И К*
## за начинот и постапката за вршење на јавни набавки од мала вредност

член 1

Со овој правилник се уредуваат начинот и постапката на вршење на набавки од мала вредност, за купување на одделен вид или група на стоки, услуги и работи во висина од 3000,00 евра во денарска противвредност и тоа еднаш во текот на календарската година (во понатамошниот текст: *набавки од мала вредност*)

член 2

Набавките од мала вредност во смисла на член 1 од овој Правилник на годишно ниво се однесуваат на одделни групи на производи, и тоа: опрема, ситен инвентар, канцелариски материјал, прехрамбени производи, средства за хигиена, договорни услуги и друг потрошен материјал.

член 3

Набавките од мала вредност од член 1 од овој Правилник, ќе се извршат само доколку набавувачот има претходно планирано и обезбедено средства со инвестициона програма.

член 4

Набавката од мала вредност ја врши одделение за план, анализа и комерција во рамките на организационата единица за комерцијално работење.

член 5

Набавките од мала вредност се вршат координирано со Комисијата за јавни набавки формирана од набавувачот.

член 6

Работните единици, службите и центрите кај набавувачот потребите од набавки ги искажуваат во писмена форма до одделението од членот 4 на овој правилник. Директорот дава одобрение за потребата од јавна набавка од мала вредност.

член 7

За набавките од член 1 од овој Правилник се води посебна евиденција, соодветно на евиденцијата за другите јавни набавки кои се вршат од набавувачот.

член 8

Набавка од мала вредност се врши преку упатување на покана за доставување на понуди до понудувачите (домашни и странски правни и физички лица), кои се доставуваат по писмен пат (телефон, телефакс, електронски)

Доколку се доставени понудите преку телеграма, телефакс, телефон или е-маил, тие мора да бидат потврдени со писмо пред истекот на времето за доставување на понуди, потпишани и заверени од овластеното лице на понудувачот.

член 9

Крајниот рок на доставување на понудите е 3 (три) дена од доставување на Барањето за доставување на понуди.

член 10

Поканата за доставување на понуди се доставуваат до најмалку 3 (три) понудувачи под услов да има доволен број соодветни понудувачи- кандидати (документиран доказ).

Набавувачот во поканата за доставување на понуди ги вклучува следниве информации:

- Предмет на набавка и барања, односно карактеристики на набавката,
- Адреса и контакт информации на набавувачот,
- Име на лицето овластено од набавувачот од кое може да се бараат информации за предметот на набавката
- Критериуми за избор на најповолна понуда (цена, квалитет, начин на плаќање, рок на испорака, стандарди и слично)

член 11

Понудата потпишана од понудувачот се доставува во запечатен плик до набавувачот во рокот утврден за доставување на понуди, со наведување на бројот на набавката.

член 12

Врз основа на доставените понуди овластените лица на одделението на набавувачот вршат проценка- евалуација на доставените понуди и врши селекција на понудите според критериумите во барањето за доставување понуди и утврдуваат предлог на најповолна понуда.

Изборот на најповолна понуда го врши Директорот на набавувачот со донесување на одлука.

член 13

По извршениот избор на најповолна понуда, набавувачот ги известува понудувачите за изборот на најповолна понуда и тоа во рок од 3 (три) дена од денот на донесувањето на одлуката за избор.

Незадоволниот понудувач има право на приговор на Одлуката за избор во рок од 3 дена од денот на приемот на одлуката.

По приговорот одлучува органот од член 4 од овој Правилник-автономна одлука на набавувачот кој ќе одлучи по приговорот во рок од 3 (три) дена од денот на приемот.

член 14

Набавувачот во рок од 3 (три) дена од денот на правосилноста на одлуката известувањето за избор на најповолна понуда склучува договор со понудувачот, или прави писмена нарачка (во зависност од предметот на набавката доколку договор не се склучува).

член 15

Набавувачот е одговорен за извршувањето на договорот.

Контролата за вршењето на набавките и нивната реализација ја врши претпоставен работник).

член 16

Овој правилник влегува на сила со денот на донесувањето.

*УПРАВЕН ОДБОР НА*
*ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ*
*ПРЕТСЕДАТЕЛ*
*ХАЛИТ ХАЈДАРИ*

Врз основа на член 29 од Статутот на ЈП Градски Паркинг- Скопје, Управниот Одбор на седница одржана на ден 19. 01. 2007 година ја донесе следнава:

***О Д Л У К А***
***за донесување на Правилник за набавки од мала вредност***

**член 1**

Се усвојува Правилникот за набавки од мала вредност за тековната 2007 година.

**член 2**

За реализација на оваа Одлука се грижи Комисијата за јавни набавки.

**член 3**

Оваа Одлука влегува на сила со денот на нејзиното донесување.

Управен Одбор на
ЈП Градски Паркинг - Скопје
Претседател,
Халит Хајдари